**ЗАПИСНИК**
**од четириесет и шестата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 19.06.2020 година**

На четириесет и шестата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Лилјана Кичукова вработена во општината, Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Митко Крџев директор на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија, Ана Чугунцалиева вработена во општината , Мирјана Гелебешова вработена во општината и Митко Дојчинов вработен во општината .**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори четириесет и шестата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од четириесет и петтата седница одржана на 27.05.2020 година.

Претседателот го стави на гласање записникот од четириесет и петтата седница и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на четириесет и шестата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Богданци и Општина Гевгелија за вршење инспекциски работи,

2. Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Богданци и Општина Гевгелија за вршење инспекциски работи,

3.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Струмица за вршење работи за внатрешна ревизија,

4.Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Струмица за вршење работи за внатрешна ревизија,

5.Предлог-Одлука за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги,

6.Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоснабдувањето во населените места во општина Гевгелија,

7.Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата и превземените активности за кучињата бездомници во општина Гевгелија,

8.Информација од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија,

9.Информација за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија,

10.Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во општина Гевгелија,

11.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во Општина Гевгелија

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Тодор Ристов Претседател на Совет** даде предлог по точките под реден број 1 и 2 да се расправа заеднички а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 1. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Богданци и Општина Гевгелија за вршење инспекциски работи.**

Претседателот отвори претрес по точките 1 и 2.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Богданци и Општина Гевгелија за вршење инспекциски работи и **Советот со 11 гласа за ,6 воздржани и 2 не гласале ја усвои.**

**Точка 2. Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Богданци и Општина Гевгелија за вршење инспекциски работи.**

Претседателот отвори претрес по точките 1 и 2.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Богданци и Општина Гевгелија за вршење инспекциски работи и **Советот со 11 гласа за ,6 воздржани и 2 не гласале ја усвои.**

**Тодор Ристов Претседател на Совет** даде предлог по точките под реден број 3 и 4 да се расправа заеднички а да се гласа поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Струмица за вршење работи за внатрешна ревизија.**

Претседателот отвори претрес по точките 3 и 4.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ристо Камов ,Ристо Ѓоргиев и Марија Магдинчева Шопова членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Струмица за вршење работи за внатрешна ревизија и **11 гласа за ,6 воздржани и 2 не гласале ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Струмица за вршење работи за внатрешна ревизија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Струмица за вршење работи за внатрешна ревизија и **Советот со 17 гласа за ја усвои .**

Перо Стојанов член на Совет предложи по точките 5,6,7,8 и 9 да се расправа заедно а да се гласаат поединечно и **11 гласа за ,6 воздржани и 2 не гласале ја усвои.**

**Точка 5. Предлог-Одлука за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината, Ристо Камов член на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 6. Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоснабдувањето во населените места во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоснабдувањето во населените места во општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ,Ристо Камов ,Ристо Ѓоргиев,Магдалена Делковска , Томе Кичуков,Зоран Лазаровски,Трајко Арџанлиев и Тихомир Ручкоманов членови на Совет.**

**Ристо Камов член на Совет** - За време на вонредната состојба на мое советничко прашање институциите од општина Гевгелија обезбедија одговор од надлежното министерство во врска со моето барање за разгледување на проектот за изградба на санитарна депонија за инертен отпад во населено место Пепелиште, општина Неготино кој се наоѓа на одалеченост не поголема од 50 километри воздушна линија и се наоѓа на брегот на реката Вардар.Во оваа смисла да бидам поконкретен бидејќи се загрозени новите бунари во Мрзенска ада Гевгелија од изградбата на таков објект на територијата на Република Македонија која се решава со просторно урбанистичкиот план на Македонија како засегната општина јас барам преку институциите и како заклучок од оваа точка Општина Гевгелија да ги преземе сите мерки да не дојде до изградба на таков објект на таа локација бидејќи нашата инвестиција на Мрзенска ада заради загадување на подземните води ќе биде доведена во прашање.

Претседателот на Совет како заклучок го стави на гласање предлогот на советникот Ристо Камов за Општина Гевгелија да направи се да не се изгради санитарна депонија за инертен отпад во населено место Пепелиште и **Советот со 4 гласа за ,9 воздржани и 2 не гласале не го усвои.**

**Точка 7. Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата и превземените активности за кучињата бездомници во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата и превземените активности за кучињата бездомници во општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија , Томе Кичуков,Александра Кочева ,Тихомир Ручкоманов,Ристо Камов,Магдалена Делковска и Лазар Мешков членови на Совет.**

**Точка 8. Информација од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата од ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Митко Крџев директор на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија ,Магдалена Делковска и Ристо Камов членови на Совет.**

**Точка 9. Информација за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ана Чугунцалиева вработена во општината .**

**Точка 10. Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информација за состојбата со авто-такси превозот на патници во општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Мирјана Гелебешова вработена во општината ,Ристо Камов член на Совет.**

**Точка 11. Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во Општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Митко Дојчинов вработен во општината ,Ристо Камов член на Совет.**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори четириесет и шестата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**